4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

8. V. 1989



# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Сабота, 15 април 1989
Скопје
Број 16 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 2.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


207.

Врз основа на член 443 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 14 април 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ XXIV ДО LV НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласуваат Амандманите XXIV до LV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги усвои на заедничката седница на сите собори, одржана на 14 април 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1509/1
14 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## АМАНДМАНИ
## НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овие амандмани се составен дел на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и влегуваат во сила со денот на нивното прогласување.

### АМАНДМАН XXIV

1. Химна на Социјалистичка Република Македонија е „Денес над Македонија".
2. Со овој амандман се заменува член 10 од Уставот на СРМ.

### АМАНДМАН XXV

1. Тековниот труд на работниците и општествените средства како општествен капитал се основа на управувањето и присвојувањето на резултатите од трудот остварени со работењето со тие средства.

2. Секој се вклучува во работа со општествени средства слободно и под еднакви услови, зависно од знаењето и способноста заедно со другите работници тие средства постојано да ги обновува, зголемува и унапредува.

3. Во остварувањето на правото на работа со општествени средства, работниците во здружениот труд се одговорни едни на други и на општествената заедница како целина.

Работниците во здружениот труд се должни економски целесообразно и општествено одговорно да ги користат општествените средства и постојано да ги обновуваат, зголемуваат и унапредуваат.

Работниците во здружениот труд се користат со резултатите што ќе ги остварат со работата и управувањето со општествените средства и ги поднесуваат материјалните и другите последици од економски нецелесообразното и општествено неодговорното користење на тие средства.

На работникот во здружениот труд кој несовесно или неуспешно ги исполнува своите должности и работни обврски му престанува работниот однос под услови и на начин утврдени со закон.

4. Организацијата на здружениот труд односно другото општествено правно лице е носител на правата и обврските во правниот промет во однос на сите средства со кои располага и што ги користи во согласност со природата и намената на тие средства, со уставот и со закон.

Организацијата на здружениот труд односно другото општествено правно лице за своите обврски одговара со сите средства со кои управуваат работниците односно другите работни луѓе и граѓаните во таа организација односно во тоа лице.

5. Работниците во здружениот труд, во услови на дејствување на законитостите на пазарот и на социјалистичките самоуправни општествено-економски односи, остваруваат приход со продажба на производи и услуги на пазарот или со слободна размена на трудот.

Работниците во здружениот труд од остварениот приход во различните облици на здружување на трудот и средствата и во другите облици на работење ги надоместуваат потрошените средства и стекнуваат и го распоредуваат доходот за проширена репродукција, за резерви и за задоволување на своите лични, на заедничките и општите општествени потреби.

Работниците во здружениот труд за вкупна лична и заедничка потрошувачка распоредуваат дел од доходот сразмерно со својот придонес во остварувањето на доходот што го дале со тековниот труд и со управувањето со општествените средства како минат труд на работниците.

6. Работниците во организациите на здружениот труд што вршат стопански дејности стекнуваат доход со реално вреднување на сите фактори на производството и на работењето и на резултатите од трудот врз основа на дејствувањето на законитостите на пазарот.

По исклучок, работниците во организациите на здружениот труд во стопанските дејности определени со закон во кои дејствувањето на законитостите на пазарот не е единствен основ за вреднување на резултатите од трудот, стекнуваат доход и со слободна размена на трудот.

Со општествено утврдените општи услови за стопанисување, со плановите на општествено-политичките заедници и со мерките на економската политика не може да се нарушува со уставот утврдената самостојност и рамноправност во стекнувањето на доходот на организациите на здружениот труд што вршат стопански дејности.

Ако со акт на орган на општествено-политичка заедница се нарушува со уставот утврдената рамноправност на организациите на здружениот труд во стекнувањето доход на пазарот, истовремено со акт на таа општествено-политичка заедница се утврдува и се обезбедува соодветна компензација, под услови и на начин утврдени со закон.

7. Работниците во организациите на здружениот труд што вршат дејност во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита или друга општествена дејност стекнуваат доход со слободна размена на трудот непосредно со корисниците на нивните производи и услуги или во рамките односно преку самоуправните интереси заедници и другите облици на самоуправно организирање.

Работниците во организациите на здружениот труд што вршат општествени дејности, зависно од природата на дејностите и потребите што се задоволуваат со нивното вршење, стекнуваат доход и со продажба на своите производи и услуги на пазарот и во односи на заедничко остварување на доход, меѓусебно или со работниците во организациите на здружениот труд што вршат други дејности.

Работниците во организациите на здружениот труд што вршат општествени дејности и корисниците на нивните производи и услуги рамноправно ги уредуваат условите за стекнување на доходот што се остварува со слободна размена на трудот, со вреднување на сите фактори и на резултатите од трудот.

Работниците во организациите на здружениот труд што вршат општествени дејности остваруваат во стекнувањето на доходот еднаква општествено-економска положба како и работниците во другите организации на здружениот труд.

8. Делот од доходот што е резултат од работата во исклучително поволни природни услови или во исклучително поволни услови создадени со положбата на местото на работа и работење се утврдува и се користи, во согласност со самоуправна спогодба и со закон, за развој на организацијата на здружениот труд во која е остварен и, кога е определено со закон, за развој на материјалната основа на трудот и за заштита на животната средина во општината, градската заедница и Републиката или за развој на комуналната инфраструктура.

9. Со закон, по исклучок, под условите утврдени со овој устав може привремено да се ограничи располагањето на работниците во организациите на здружениот труд со дел од средствата на општествената репродукција или да се утврди обврска за здружување на дел од тие средства за финансирање на неопходните потреби на општествената репродукција утврдени со општествениот план на Македонија, кога задоволувањето на тие потреби е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните или за стопанскиот и општествениот развој и ако врз самоуправна основа не можеле односно не можат да се обезбедат средства за финансирање на тие потреби.

Организациите на здружениот труд имаат, во согласност со закон, право на враќање на задолжително здружените средства на општествената репродукција и право на надоместок за користењето на тие средства односно право на определени погодности.

Управувањето со задолжително здружениот дел од средствата на општествената репродукција се заснова врз самоуправни основи.

10. Работниците во организациите на здружениот труд што здружуваат средства или труд и средства заради заедничко работење со заеднички ризик имаат право по тој основ заедно и рамноправно, сразмерно со средствата односно со трудот и средствата што ги здружуваат, да управуваат со тоа работење, да одлучуваат за заедничкиот доход и заедничкиот приход, да ги утврдуваат обврските и одговорностите за поднесување на заедничкиот ризик и да утврдуваат други меѓусебни права, обврски и одговорности по основ на здружувањето на средствата односно на трудот и средствата.

Работниците во организациите на здружениот труд што основаат нова работна организација и здружуваат средства имаат по тој основ исти права, обврски и одговорности како и работниците кога здружуваат средства во постојна организација на здружениот труд.

11. Организациите на здружениот труд можат, заради проширување на материјалната основа на трудот, да собираат парични и други средства на граѓаните и да им обезбедат, покрај враќање на вредноста на тие средства, и надоместок за нивното користење во вид на камата односно на определени погодности, во согласност со закон.

Граѓаните можат да вложуваат парични и други средства во организација на здружениот труд со заеднички ризик и по тој основ да остварат право на враќање на вредноста на тие средства и на надоместок за користењето на тие средства, зависно од резултатите што ќе ги оствари таа организација, како и право да бидат известувани за резултатите од користењето на тие средства и стекнуваат право да учествуваат во одлучувањето за определени работи во врска со користењето на вложените средства, во согласност со сојузен закон.

Организацијата на здружениот труд може заради собирање односно вложување средства на граѓаните да издава хартии од вредност што гласат на име или на доносител и според кои имателите на тие хартии остваруваат право на надоместок за користењето на тие средства односно и право на учество во одлучувањето под услови и на начин утврдени со сојузен закон.

Граѓаните можат да го задржат правото на сопственост на вложените средства, освен во случаите определени со сојузен закон.

12. Работниците кои вршат стручни, административни, помошни и други работи за земјоделска или друга задруга, банка или друга финансиска организација, организација за осигурување, самоуправна интересна заедница и друга самоуправна организација и заедница или нивно здружение, општествено-политичка организација или друга општествена организација и здружение на граѓани, можат да образуваат работна заедница. Работна заедница можат да образуваат и работниците во органите на општествено-политичките заедници под услови утврдени со закон.

Работниците во работната заедница имаат право на средства за лична и заедничка потрошувачка во согласност со начелото за распределба според трудот и со основите и мерилата за распределба што важат во организациите на здружениот труд. Тие имаат и други самоуправни права во согласност со природата на работите што ги вршат и со одговорноста на организациите, заедниците и органите за кои ги вршат работите за остварување на нивните функции и задачи.

На овие работни заедници не можат да се пренесуваат права, овластувања и одговорности на организациите, заедниците и органите за кои тие вршат работи.

13. На работникот не може да му престане работниот однос ако поради технолошки и други унапредувања со кои се придонесува за зголемување на продуктивноста на трудот и за поголем успех на организацијата на здружениот труд престане потребата за негова работа во таа организација, додека не му се обезбеди друго работно место кое одговара на неговите работни способности или на друг начин не му се обезбеди остварување на правото на работа или на правата по основ на трудот определени со закон.

Со закон може за тие цели, како и за материјално обезбедување на невработените лица, за преквалификација на работниците и за создавање на поповолни услови за вработување воопшто да се утврди обврска за здружување на средства или за обезбедување на средства на друг начин и да се пропишат условите и начинот на употреба на тие средства.

14. Со точка 1 се заменува став 3 на член 14; со точка 2 се дополнува член 15; со точка 3 се заменува член 17; со точка 4 се заменува член 26; со точка 5 се заменува член 21; со точка 6 се дополнува Оддел 1 на Глава II од Првиот дел и се заменува став 2 на член 52; со точка 7 се заменува член 18; со точка 8 се заменува став 1 на член 20; со точка 9 се заменува член 25; со точка 10 се заменува член 28; со точка 11 се заменува член 30; со

точка 12 се заменуваат ставовите 1 и 3 на член 32; со точка 13 се заменуваат ставовите 4 и 5 на член 34 од Уставот на СРМ.

Се укинуваат став 2 на член 16, член 31 и став 2 на член 34 од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XXVI

1. Работниците слободно ги здружуваат трудот и општествените средства во услови на стоковно производство и дејствување на законитостите на пазарот, заради вршење на стопански и општествени дејности и стекнување доход на пазарот или во односи на слободна размена на трудот.

Работниците слободно одлучуваат за облиците на самоуправно и работно организирање и за облиците на здружување, поврзување и соработка на организациите на здружениот труд, за интересите што ги остваруваат во нив и за обемот на здружување на својот труд и на општествените средства.

2. Работната организација е самостојна самоуправна организација и економска и деловна целина во која работниците се поврзани со заеднички интереси во работата со општествени средства.

Работната организација во областа на стопанските дејности е основен субјект на пазарното работење, а работната организација во областа на општествените дејности е основен субјект на слободната размена на трудот

Работна организација можат да основаат организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници, месните заедници и другите општествени правни лица.

Општествено-политичка заедница може да основа работна организација ако вршењето на дејноста на таа организација е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните или за работата на другите организации на определено подрачје или ако е тоа неопходно за работата на органите на таа општествено-политичка заедница.

Работна организација, под услови и на начин пропишани со закон, можат да основаат работните луѓе и граѓаните заради остварување на правото на работа и на други свои интереси.

Работна организација, во согласност со закон, можат да основаат и граѓанските правни лица.

3. Со статутот на работната организација се утврдува кои права, обврски и одговорности што според уставот ги имаат работниците во организацијата на здружениот труд, работниците ги остваруваат во работната организација како целина, а кои во одделни делови од работната организација во кои работниците организирале основни организации на здружениот труд или други облици на своето организирање.

4. Работната организација е носител на сите права и обврски во правниот промет во однос на сите средства со кои располага и што ги користи.

Со статутот на работната организација може да се утврди дека определени права и обврски во правниот промет во однос на определени средства со кои располагаат и што ги користат имаат деловите на работната организација во кои работниците организирале основни организации на здружениот труд или други облици на своето организирање.

5. Работните организации можат да се здружуваат во сложени организации на здружениот труд, деловни здруженија, заедници и други облици на организирање на здружениот труд.

Со самоуправна спогодба се утврдува кои права, обврски и одговорности на работниците во работната организација се остваруваат во сложената организација на здружениот труд или во друг облик на организирање на здружениот труд.

Со самоуправна спогодба може да се утврди дека определени права и обврски во правниот промет во однос на определени средства со кои располагаат и што ги користат работните организации има сложената организација на здружениот труд или другиот облик на организирање на здружениот труд.

6. Работниците во организациите на здружениот труд што како единствени технолошки системи вршат дејности во областа на електростопанството, железничкиот сообраќај и поштенско-телефонско-телеграфскиот сообраќај се должни да обезбедуваат техничка функционалност во работата и врз таа основа технолошко и економско единство на процесот на работата, рационално и ефикасно функционирање на овие системи и на одделните нивни делови на територијата на Социјалистичка Република Македонија во согласност со потребите и интересите на општествено-економскиот развој на Републиката и со потребите и интересите на корисниците на производите и услугите

7. Со закон и со одлука на собрание на општина односно на градската заедница засновања врз закон може, ако тоа го бара посебниот општествен интерес, да се уреди начинот на остварување на тој интерес во работењето на организациите на здружениот труд што вршат стопанска дејност кога тоа работење е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните или за работата на другите организации на определено подрачје.

8. Со точките 1 до 4 се заменуваат членовите 35 до 38; со точка 5 се заменува став 1 на член 39; со точка 6 се дополнува Оддел 2 на Глава II од Првиот дел; со точка 7 се заменува став 2 на член 50 од Уставот на СРМ.

Престануваат да важат одредбите на член 44 од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XXVII

1. Банката е самостојна самоуправна финансиска организација која врши депозитни, кредитни и други банкарски работи.

Банка основаат општествените правни лица со усвојување на основачкиот акт и со вложување средства во фондовите на банката.

Банка, заедно со други банки или со други лица определени со закон, може да биде основач на друга банка или на друга финансиска организација.

2. Банката работи со средствата вложени во нејзините фондови и со други прибавени или позајмени средства.

Основачите на банката одговараат за обврските на банката до висината на средствата што ги вложиле во нејзините фондови.

3. Со банката управуваат општествените правни лица што ја основале и вложиле средства во нејзините фондови, зависно од висината на тие средства, во согласност со основачкиот акт односно со статутот на банката.

Орган на управување на банката е собранието на банката, што го сочинуваат делегати на основачите на банката.

4. Другите лица што ќе вложат средства во фондовите на банката стекнуваат својство на основачи на банката со права, обврски и одговорности утврдени со основачкиот акт односно со статутот на банката.

5. Добивката што банката ќе ја оствари со своето работење се распоредува со одлука на собранието на банката во резерви, како и на дел што им се исплатува на вложувачите односно што се вложува во други фондови на банката сразмерно со средствата што ги вложиле во банката.

6. Меѓусебните односи на основачите на банката, управувањето со банката и работењето на банката се уредуваат со основачкиот акт на банката и со нејзиниот статут.

7. Со овој амандман се заменува член 40 од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XXVIII

1. Организацијата за осигурување е самостојна самоуправна организација за осигурување на имоти и лица и за вршење на други работи на осигурувањето.

Организација за осигурување основаат општествените правни лица и други лица определени со закон со усвојување на актот за основање на организацијата и со вложување средства во почетните фондови на сигурноста.

Основачите на организацијата за осигурување одговараат за обврските на организацијата до висината на средствата што ги вложиле во фондовите на организацијата.

2. Со организацијата за осигурување управуваат основачите на организацијата.

Право да учествуваат во управувањето со организацијата за осигурување имаат граѓаните и другите осигуреници во согласност со актот за основање на организацијата односно со статутот на организацијата.

Орган на управување на организацијата за осигурување е собранието на организацијата, што го сочинуваат делегати на основачите на организацијата и на осигурениците.

3. Добивката што организацијата за осигурување ќе ја оствари се распоредува во резервите на сигурноста, како и на дел што им се исплатува на основачите односно што се вложува во други фондови на организацијата сразмерно со средствата што основачите ги вложиле во организацијата.

4. Со овој амандман се заменува член 43 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XXIX

1. Странско лице може да вложува средства во организација на здружениот труд, банка или во друга финансиска организација, задруга и во други облици на соработка и заедничко работење.

Странско лице може заедно со домашни лица да основа мешовито претпријатие, банка или друга финансиска организација, договорна организација на здружениот труд, а може да основа и сопствено претпријатие.

Дејностите или работите односно подрачјата во кои странско лице не може да основа свое претпријатие се утврдуваат со сојузен закон.

2. Странското лице има право да учествува во управувањето со заедничкото работење за времето за кое се вложени средствата, право на трансфер на добивката, право на враќање на влогот и други права утврдени со договорот.

Странското лице може да го задржи правото на сопственост на вложените средства.

Странското лице, кога основало сопствено претпријатие, го задржува правото на сопственост на вложените средства и има право на сопственост на средствата што тоа претпријатие ги остварило со своето работење.

Овие права на странското лице не можат да се намалат со закон или со друг пропис.

3. Правата и обврските на работниците во претпријатието, заедничката банка или во другата заедничка финансиска организација и во договорната организација на здружениот труд се уредуваат со колективен договор.

4. Правната положба на мешовитото претпријатие, банката или другата финансиска организација, на договорната организација на здружениот труд и на сопственото претпријатие и правната положба на странското лице кое самостојно односно заедно со домашни лица ги основало тие организации, како и основните права и обврски на работниците кои се вработени во нив, се уредуваат со сојузен закон.

5. Со овој амандман се заменува член 29 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XXX

1. Работниците и другите работни луѓе имаат право, а кога е тоа утврдено со овој устав и должност, непосредно или преку своите организации или заедници, со самоуправни спогодби да основаат самоуправни интересни заедници или други облици на самоуправно организирање, заради задоволување на своите лични и заеднички потреби и интереси и усогласување на трудот со тие потреби и интереси.

2. Работниците и другите работни луѓе кои врз начелата на заемност и солидарност ги задоволуваат своите лични и заеднички потреби и интереси во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита, кога тие потреби и интереси се истовремено и потреби и интереси на општеството, и работниците во организациите на здружениот труд што вршат дејности во тие области, основаат самоуправна интересна заедница или друг облик на самоуправно организирање во кои рамноправно и заеднички одлучуваат за вршењето на тие дејности во согласност со заедничките интереси, ја утврдуваат политиката на развојот и унапредувањето на тие дејности и ги задоволуваат другите заеднички потреби и интереси.

Заради задоволување на своите лични и заеднички потреби и интереси во овие области, работниците и другите работни луѓе можат, во согласност со закон односно со одлука на собранието на општината заснована врз закон, да основаат самоуправна интересна заедница или друг облик на самоуправно организирање за две или повеќе сродни области.

Самоуправна интересна заедница или друг облик на самоуправно организирање може да се основа за подрачје пошироко од подрачјето на општината. Кога за подрачје пошироко од подрачјето на општината се основа самоуправна интересна заедница или друг облик на самоуправно организирање во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита, со статутот на општината се утврдува начинот на рамноправното одлучување на органот на управување на самоуправната интересна заедница или на другиот облик на самоуправно организирање со надлежните собори на собранието на општината.

3. Заради обезбедување на својата социјална сигурност, работните луѓе основаат самоуправни интересни заедници на пензиското и инвалидското осигурување или други облици на самоуправно организирање во кои здружуваат средства за таа цел и ги утврдуваат, врз начелата на заемност и солидарност и минатиот труд, своите заеднички и поединечни обврски и права што ги остваруваат во нив.

4. Работниците и другите работни луѓе, заради задоволување на своите лични и заеднички потреби и интереси во областа на физичката култура, непосредно или преку своите организации или заедници, самоуправно се организираат и здружуваат средства за развојот и унапредувањето на физичката култура.

5. Заради создавање на поповолни услови за вработување, обезбедување на социјална сигурност на работниците за време на привремена невработеност, материјално обезбедување на невработените лица и преквалификација на работниците и невработените лица, работниците, другите работни луѓе и граѓаните самоуправно се организираат и здружуваат средства за таа цел и врз начелата на заемност и солидарност и минатиот труд ги остваруваат своите лични и заеднички потреби и интереси.

6. Работниците и другите работни луѓе, заради задоволување на своите лични и заеднички потреби и интереси во областа на станувањето самоуправно се организираат и здружуваат средства за станбена изградба, ги утврдуваат политиката и програмите за таа изградба и заедно со станарите управуваат со станбените згради и становите во општествена сопственост.

Во согласност со начелата на заемност и солидарност, дел од здружените средства за станбена изградба се насочуваат за создавање на поповолни услови за изградба на станови за потребите на работниците и другите работни луѓе со пониски приходи во семејството, за работниците од организациите на здружениот труд што не располагаат со потребни средства за таа намена и за надоместување на дел од станарината на работниците, другите работни луѓе и граѓаните со пониски приходи во семејството.

7. Меѓусебните односи во самоуправните интересни заедници и во другите облици на самоуправно организирање во кои се остваруваат односи на слободна размена на трудот, се уредуваат така што им се обезбедува право на работниците и на другите работни луѓе кои во нив здружуваат средства да одлучуваат за тие средства и право на работниците во организациите на здружениот труд што вршат дејности во областите за кои е основана самоуправна интересна заедница односно друг облик на самоуправно организирање во односите на слободна размена на трудот да остваруваат еднаква општествено-економска положба како и работниците во другите организации на здружениот труд.

8. Со закон односно со одлука на собранието на општината заснована врз закон се утврдуваат начелата за организацијата и за уредувањето на меѓусебните односи во самоуправната интересна заедница или во другиот облик на самоуправно организирање за кои со овој устав е утврдена обврска за основање.

Ако во рокот што ќе го определи собранието на општината односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија не е основана самоуправна интересна заедница или друг облик на самоуправно организирање за кои со овој устав е утврдена обврска за основање, со закон односно со одлука на собранието на општината заснована врз закон се основа самоуправна интересна заедница односно друг облик на самоуправно организирање и привремено се уредуваат нивната организација и меѓусебните односи во нив.

9. Ако во самоуправна интересна заедница или во друг облик на самоуправно организирање за кои со овој устав е утврдена обврска за нивно основање не се донесе одлука за прашање од кое суштествено зависи нивната работа, собранието на општината односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија може, под услови и по постапка пропишани со закон, да донесе одлука со која привремено се решава тоа прашање.

10. Спрема самоуправна интересна заедница или друг облик на самоуправно организирање можат да се преземат привремени мерки утврдени со закон во случаите и под условите под кои такви мерки можат да се преземат спрема организација на здружениот труд.

11. Со овој амандман се заменуваат членовите 54 до 62 и ставовите 1 и 2 на член 102 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XXXI

1. Работните луѓе и граѓаните, меѓусебно или со трудот на работниците во здружениот труд, слободно ги здружуваат својот труд и средства односно само трудот или само средствата во задруги и во други облици на здружување.

Со закон може, по исклучок, кога тоа го бара општествениот интерес, да се определат дејностите односно работите што не можат да се вршат во овие облици на здружување.

Работните луѓе и граѓаните своите меѓусебни односи во овие облици на здружување ги уредуваат спогодбено врз начелата на доброволност, рамноправност, заемност и солидарност.

2. Работните луѓе и граѓаните имаат право да основаат земјоделски, занаетчиски, станбени, штедно-кредитни и потрошувачки задруги, задруги за давање интелектуални услуги и други производствени или услужни задруги.

Задругата е самостојна самоуправна организација на задругарите.

Задругарот го задржува правото на сопственост на средствата здружени во задругата, ако со договор не ги пренел во заедничка сопственост на задругарите, во задружна сопственост или во општествена сопственост.

За средствата што задругата ќе ги оствари со своето работење одлучуваат задругарите самостојно, во согласност со статутот на задругата.

Задругата може, заради проширување на материјалната основа на трудот, да собира парични и други средства на граѓаните.

3. Со овој амандман се заменува член 69 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XXXII

1. Земјоделците можат својот труд, земјиште односно други средства да ги здружат во земјоделска задруга и во други облици на здружување на земјоделците или да ги здружат со работниците во организациите на здружениот труд.

2. Земјоделците основаат земјоделска задруга со актот за основање со кој ги утврдуваат условите за здружување и заедничките интереси и цели и своите поединечни и заеднички права и обврски што ги остваруваат односно извршуваат во задругата.

Облиците на организирање и односите во задругата се уредуваат со статутот на задругата, а меѓусебните права и обврски на задругарите и на задругата се уредуваат со договор.

3. Земјоделците го задржуваат правото на сопственост на земјиштето, на средствата на трудот односно на другите средства што ги здружуваат во земјоделската задруга.

Земјоделците можат овие средства со договор да ги пренесат во заедничка сопственост на задругарите, во задружна сопственост или во општествена сопственост.

4. Добивката што задругата ќе ја оствари со своето работење, членовите на задругата ја распоредуваат на средства што на членовите на задругата им припаѓаат според придонесот што со својот труд и со средствата здружени во задругата го дале за остварувањето на таа добивка и на средства што се внесуваат во фондовите на задругата, како и на средства за други потреби.

5. Задругарот кој својот труд, земјиште односно други средства ги здружил во задруга, во случај на иступување од задругата или на престанување на задругата, има право на враќање на земјиштето односно на другите средства на кои го задржал правото на сопственост односно право на враќање на вредноста на средствата што ги здружил во задругата и право на дел од средствата во фондовите на задругата остварени со нејзиното работење, под условите утврдени со договорот и со статутот, во согласност со закон.

6. Со овој амандман се заменува член 65 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XXXIII

1. На работните луѓе им се гарантира право самостојно да вршат дејности со личен труд односно со личен труд и средства во сопственост на граѓаните.

Со закон може, по исклучок, кога тоа го бара природата на тие дејности или посебниот општествен интерес, да се определат дејностите што не можат да се вршат самостојно со личен труд.

Со закон може да се утврдат условите за самостојно вршење на дејностите со личен труд.

2. На работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд им се гарантира право да ја остваруваат со уставот утврдената положба во социјалистичките општествено-економски односи, да располагаат со резултатите остварени со својот труд и врз таа основа да ги задоволуваат своите лични и општествени потреби и, врз основа на својот придонес, да ја остваруваат својата социјална сигурност врз начелата на заемност и солидарност.

3. Работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд слободно ги здружуваат својот труд и средства односно само трудот или само средствата во различни облици на здружување. Со закон може да се утврдат условите за ова здружување.

4. Работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд можат, непосредно или преку облиците на своето здружување, да ги здружуваат својот труд и средства односно само трудот или само средствата со организациите на здружениот труд во различни облици на кооперација и на потрајна соработка.

Овие работни луѓе заедно и рамноправно со работниците во здружениот труд со општествени средства во овие облици на кооперација и на потрајна соработка управуваат со заедничките работи, одлучуваат за заеднички остварениот доход и учествуваат во неговата распределба според својот придонес во остварувањето на тој доход.

5. Работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд можат да вработуваат работници во границите определени со закон.

Договорите за вработување ги склучуваат овие работни луѓе и работниците кои тие ги вработуваат во согласност со колективниот договор што го склучуваат синдикатот и соодветната стопанска комора односно друго здружение во кое се претставени овие работни луѓе. Со колективниот договор им се обезбедува на работниците кои се вработени кај овие работни луѓе право на средства за задоволување на личните и заедничките потреби, како и други права утврдени со закон.

Врз овие основи можат да вработуваат работници и задругите и другите облици на здружување на трудот и средствата на работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд, како и граѓаните и граѓанските правни лица.

6. Со овој амандман се заменуваат членовите 33, 68, 70 и 72 од Уставот на СРМ.

Насловот на Оддел 6 на Глава I од Првиот дел на Уставот на СРМ се менува и гласи: „Самостоен личен труд".

## АМАНДМАН XXXIV

1. Работниот човек може да основа договорна организација на здружениот труд и во неа, врз самоуправна основа, да ги здружува својот труд и средства со трудот на други лица.

На работоводителот и на работниците во договорната организација на здружениот труд им припаѓаат, врз основа на нивниот труд, средства за задоволување на личните и заедничките потреби.

На работоводителот му припаѓа по основ на средствата што ги вложил во договорната организација на здружениот труд право на враќање на вредноста на тие средства и право на учество во доходот во согласност со начелата што важат за здружување на општествените средства во организациите на здружениот труд, како и право повторно да ги вложи средствата.

Во договорната организација на здружениот труд можат да здружат средства и други работни луѓе и граѓани.

2. Со овој амандман се заменуваат ставовите 1 и 3 на член 71 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XXXV

1. На граѓаните им се гарантира право на сопственост на станбени згради и станови, на средства за работа, на деловни згради и деловни простории.

Сопственикот може станбената зграда или станот, средствата за работа, деловната зграда или деловната просторија да ги даде на користење на друг и по тој основ да стекнува доход, под услови и на начин утврдени со закон.

2. На земјоделците им се гарантира право на сопственост на обработливо земјоделско земјиште во површина од најмногу 30 хектари по домаќинство.

Со закон може да се утврди во ридско-планинските краишта површината на обработливото земјоделско земјиште на кое земјоделците имаат право на сопственост да биде поголема од 30 хектари по домаќинство.

3. Со точка 1 се заменува став 2 на член 94; со точка 2 се заменуваат ставовите 1 и 2 на член 96 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XXXVI

1. Работниците и другите работни луѓе со планирање на работата и развојот на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници и со планирање на стопанскиот и општествениот развој на општествено-политичките заедници во услови на дејствување на пазарните законитости и на економска самостојност на организациите на здружениот труд, потпирајќи се врз научните сознанија и врз оцената на развојните можности засновани врз нив, го насочуваат материјалниот и општествениот развој во согласност со своите заеднички интереси утврдени врз самоуправна основа.

2. Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници самостојно ги планираат својата работа и развој.

Со закон може да се утврди обврска за донесување на планови на самоуправните организации и заедници што вршат дејности или работи од посебен општествен интерес.

3. Организациите на здружениот труд што вршат дејност во областа на електростопанството, железничкиот сообраќај и поштенско-телефонско-телеграфскиот сообраќај донесуваат свои и заеднички планови за развојот во согласност со потребите на корисниците на нивните производи и услуги и во согласност со заедничките интереси и цели на развојот утврдени со општествениот план на Македонија и со општествениот план на Југославија.

4. Општествено-политичките заедници донесуваат општествени планови со кои, во согласност со заедничките интереси и цели утврдени врз самоуправна основа, се утврдува заедничката развојна и економска политика. Општествено-политичките заедници донесуваат економски и други мерки со кои организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници се насочуваат односно се поттикнуваат кон остварување на заедничката политика на развојот.

Со општествениот план на општествено-политичката заедница се утврдуваат и целите и задачите со кои се остварува посебниот општествен интерес со дејствувањето на самоуправните организации и заедници што ги вршат овие дејности или работи.

5. Со општествениот план на Македонија во услови на дејствување на пазарните законитости и на економска самостојност на организациите на здружениот труд на единствениот југословенски пазар, потпирајќи се врз научните сознанија и земајќи ги предвид меѓународните економски односи и меѓународните обврски на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на Социјалистичка Република Македонија, се утврдува заедничката развојна и економска политика и се насочува стопанскиот и општествениот развој на Републиката во согласност со заедничките интереси на работниците во здружениот труд и на другите работни луѓе утврдени врз самоуправна основа, како и со заедничките интереси на општините и на градската заедница.

Со општествениот план на Македонија се утврдуваат економски и други мерки односно насоки и рамки за донесување на мерките на економската политика и на други мерки што, во согласност со правата и должностите утврдени со уставот, ги донесуваат органите на Републиката односно органите на општината и на градската заедница, заради обезбедување услови за што поусогласен и постабилен развој и за остварување на усогласените заеднички интереси на здружениот труд односно на заедничките интереси на општините и на градската заедница.

6. Органите на општествено-политичките заедници со прописите и мерките создаваат услови за остварување на општествените планови и се одговорни за тоа.

7. Со овој амандман се заменуваат членовите 73 до 76 и членовите 78 и 79 од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XXXVII

1. Со општествениот систем на информирање се обезбедува усогласено евидентирање, прибирање, обработка, искажување и размена на податоци, факти и информации од значење за животот, работата, развојот и одлучувањето во сите области на општествениот живот, како и достапност на тие податоци, факти и информации.

2. Евиденцијата, аналитичките и информативните работи за располагањето со општествените средства, контролата на точноста на податоците за располагањето со тие средства, законитоста на располагањето со општествените средства и извршувањето на обврските на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и на општествено-политичките заедници, како и други работи утврдени со закон, ги врши Службата на општественото книговодство.

3. Со точка 1 се заменува став 1 на член 80; со точка 2 се заменува став 1 на член 82 од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XXXVIII

1. Даноците од доходот односно од добивката на организацијата на здружениот труд и на другото правно лице се плаќаат според прописите и во корист на општествено-политичката заедница на чија територија таа организација односно тоа лице или нивните делови трајно ја вршат дејноста.

Придонесите од доходот на организацијата на здружениот труд и на другото правно лице се плаќаат според одлука и во корист на самоуправната интересна заедница или другиот облик на самоуправно организирање што обезбедува задоволување на потребите и интересите односно користење на услугите за кои се плаќаат тие придонеси.

Даноците од личните доходи односно од приходите на работниците и граѓаните, освен даноците на имот и на приходи од имот, се плаќаат, во согласност со сојузен закон, според прописите и во корист на општествено-политичката заедница на чија територија живее работникот или граѓанинот.

Придонесите од личните доходи односно од приходите на работниците и граѓаните се плаќаат, во согласност со сојузен закон, според одлука и во корист на самоуправната интересна заедница или на другиот облик на самоуправно организирање што на работникот и граѓанинот или на члeновите на нивното семејство им обезбедуваат задоволување на потребите и интересите односно користење на услугите за кои се плаќаат тие придонеси.

2. Заради изедначување на условите за стопанисување и заради усогласен развој на Социјалистичка Република Македонија, Републиката, општините и самоуправните интересни заедници ги усогласуваат обврските на организациите на здружениот труд, другите правни лица, работните луѓе и граѓаните за плаќање на даноци и придонеси.

3. Социјалистичка Република Македонија, ако тоа го бара обезбедувањето на единството и стабилноста на југословенскиот пазар, со меѓусебни договори со другите републики и со автономните покраини ги усогласува даночната политика и даночниот систем што, во рамките на своите права и должности, ги утврдува односно ги уредува.

4. Заради обезбедување на определени видови на социјална сигурност на работните луѓе и граѓаните, со закон може да се утврди обврска за образување на општествени фондови и да се утврдат изворите и обемот на средствата за тие намени, како и да се пропише обврска за плаќање придонеси на тие фондови.

5. Работите во областа на извршувањето на обврските за плаќање на определени даноци и други давачки односно на придонеси од определени обврзници, утврдени со закон, ги вршат службите за општествени приходи како општествени служби.

Службите за општествени приходи работат врз основа на закон и на други прописи и се одговорни, во согласност со закон, за нивното применување.

Организацијата и функционирањето на службите за општествени приходи се уредуваат со закон.

6. Со точка 1 се заменуваат став 2 на член 85 и член 87; со точка 2 се заменува член 88; со точка 3 се заменува член 89; со точките 4 и 5 се дополнува оддел 9 на Глава II од Првиот дел на Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XXXIX

1. Општествено-политичките заедници се одговорни, во рамките на своите права и должности, за обезбедување на единствениот југословенски пазар.

2. Заради остварување на единствениот југословенски пазар, Социјалистичка Република Македонија обезбедува признавање на правата по основ на трудот што се од влијание за остварување на правата од социјалното осигурување и други слични права, без оглед на тоа каде се стекнати во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

3. Со точка 1 се заменува член 90; со точка 2 се заменува алинеја 6 на став 1 на член 91 од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XL

1. Народната банка на Македонија е установа на единствениот монетарен систем на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Народната банка на Македонија, во рамките на своите права и должности, ја спроведува заедничката монетарна и девизна политика, заедничките основи на кредитната политика на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и кредитната политика на Републиката.

Со мерките за спроведување на кредитната политика на Републиката не може никој да се доведува во нерамноправна положба во поглед на вршењето на дејноста и стекнувањето на доходот.

Народната банка на Македонија му предлага на Собранието закони, други прописи и општи акти во областа на кредитната политика на Републиката и, во рамките на своите права и должности, е одговорна пред Собранието за спроведувањето и постојаното следење на спроведувањето на политиката и за извршувањето на законите, другите прописи и општи акти во оваа област, како и за стабилноста на валутата, за општата ликвидност на плаќањата во земјата и спрема странство и за спроведувањето и следењето на спроведувањето на заедничката монетарна и девизна политика и на заедничките основи на кредитната политика.

Кога друг овластен предлагач му поднесува на Собранието предлог за утврдување на кредитната политика на Републиката, Народната банка на Македонија има право да му дава на Собранието мислење за тој предлог.

Народната банка на Македонија, во рамките на своите права и должности, самостојно ги применува со сојузен закон, друг пропис или општ акт утврдените мерки со кои се остваруваат целите и задачите на заедничката монетарна и девизна политика и на заедничките основи на кредитната политика.

Деловните банки и другите финансиски организации се должни да се придржуваат кон одлуките што ги донесува Народната банка на Македонија заради остварување на таа политика.

Народната банка на Македонија не може да врши дејност на деловна банка, ниту да има статус на таква банка.

2. Со работите на Народната банка на Македонија што се однесуваат на спроведувањето на заедничката монетарна и девизна политика и на предлагањето и спроведувањето на кредитната политика на Републиката управува Советот на Народната банка на Македонија. Во управувањето со тие работи Советот донесува одлуки и презема мерки за нивно-

то спроведување. Одлуките и другите акти од областа на работењето на Народната банка на Македонија за кои не одлучува Советот на Народната банка на Македонија ги донесува гувернерот на Народната банка на Македонија. Советот и гувернерот на Народната банка на Македонија му се одговорни на Собранието, во рамките на своите права и должности, за одлуките и актите што ги донесуваат од областа на работењето на Народната банка на Македонија.

Гувернерот на Народната банка на Македонија има право да го запре извршувањето на одлуките и општите акти на Советот на Народната банка на Македонија ако смета дека се во спротивност со утврдената политика и со законите, другите прописи и општите акти од областа на работењето на Народната банка на Македонија и е должен за тоа да го извести Собранието кое донесува конечна одлука.

Советот и гувернерот на Народната банка на Македонија ги именува и разрешува Собранието.

3. Со точка 1 се заменува член 92; со точка 2 се заменуваат ставовите 1 и 2 на член 93 и се дополнува овој член од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XLI

1. Работниците во организацијата на здружениот труд со референдум донесуваат статут.

Статутот е донесен кога за него гласало мнозинството работници во организацијата на здружениот труд.

Со статутот може да се утврдат и други прашања за кои работниците во организацијата на здружениот труд одлучуваат со референдум и со други облици на лично изјаснување. Со статутот се утврдува кога одлуката се смета за донесена.

2. Во организацијата на здружениот труд се образува работнички совет односно по положба и функција нему соодветен орган на управување.

Работничкиот совет е орган на управување на организацијата на здружениот труд.

Во организацијата на здружениот труд со помал број работници, функцијата на работнички совет ја вршат сите работници.

Работничкиот совет донесува самоуправни општи акти и склучува самоуправни спогодби, донесува одлуки за планирање на работата и развојот, утврдува основи на деловната политика, избира, именува и разрешува работоводни и извршни органи и ја насочува и контролира нивната работа и врши други работи утврдени со статутот на организацијата на здружениот труд.

Определени извршни функции во организацијата на здружениот труд може да им се доверат на извршните органи на работничкиот совет.

Организациите на здружениот труд кои здружуваат труд и средства можат да образуваат заеднички орган за управување со работите од заеднички интерес.

3. Работничкиот совет го сочинуваат делегати на работниците од деловите на организацијата на здружениот труд.

Составот на работничкиот совет на организацијата на здружениот труд треба да одговара на социјалниот состав на работниците во организацијата на здружениот труд.

Во работничкиот совет на организацијата на здружениот труд не може да биде избиран индивидуалниот работоводен орган, претседателот и член на колегијалниот работоводен орган.

Делегатите во работничкиот совет работат според насоките на работниците што ги избрале и нив им одговараат за својата работа.

4. Во секоја организација на здружениот труд постои индивидуален или колегијален работоводен орган.

Работоводниот орган ги извршува одлуките на работничкиот совет и одлуките донесени со лично изјаснување на работниците.

Работоводниот орган го организира процесот на работата и раководи со тој процес, го води работењето на организацијата на здружениот труд и самостојно донесува одлуки.

5. Работоводниот орган во организацијата на здружениот труд се именува врз основа на јавен конкурс.

Со закон може да се пропишат условите под кои работоводниот орган може да се разреши и пред истекот на времето за кое е именуван.

6. Работниците во работните заедници го остваруваат самоуправувањето согласно со природата на работите што ги вршат и со интересите заради кои работните заедници се образувани и во согласност со закон.

7. Со точка 1 се заменуваат ставовите 2 и 3 на член 124; со точка 2 се заменуваат членовите 117 и 118, со точка 3 се заменуваат член 119 и став 4 на член 120; со точка 4 се заменува став 1 на член 121; со точка 5 се заменуваат ставовите 2 и 5 на член 122; со точка 6 се дополнува Глава II од Првиот дел на Уставот на СРМ.

Се укинуваат членовите 123 и 127 и став 3 на член 136 од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XLII

1. Работните луѓе и граѓаните во основните самоуправни организации и заедници и во општествено-политичките организации образуваат свои делегации заради непосредно остварување на своите права, должности и одговорности и заради организирано учество во вршењето на функциите на собранијата на општествено-политичките заедници.

Во основните самоуправни организации и заедници делегации образуваат:

1) работниците во работната организација, а кога е тоа утврдено со статутот на работната организација, работниците во основната организација на здружениот труд и во другиот облик на организирање во работната организација;

2) работниците во работните заедници, како и активните воени лица и граѓанските лица на служба во вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на начин утврден со закон;

3) работните луѓе кои работат во земјоделска, занаетчиска и во други дејности со средства на трудот на кои постои право на сопственост, работниците кои се вработени кај нив и работниците со кои ги здружуваат својот труд и средства, организирани во задруги и во други со закон определени облици на здружување или кои се во односи на потрајна соработка со организациите на здружениот труд и со другите облици на здружување на трудот и средствата;

4) работните луѓе и граѓаните во месните заедници.

Во образувањето на делегациите во организациите на здружениот труд во областа на образованието, студентите и учениците учествуваат под услови и на начин што се утврдени со закон.

Делегација образуваат работниците во делот на работната организација што трајно врши дејност на подрачјето на општината на која не е седиштето на работната организација.

Во работната организација, основна организација на здружениот труд или друг облик на организирање во работната организација и во работна заедница со помал број работници, функцијата на делегација ја вршат сите работници.

Работните луѓе и граѓаните во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници можат со статутот да утврдат функцијата на делегација да ја врши работничкиот совет односно непосредно избраниот орган.

Работните луѓе во земјоделската дејност кои не образуваат делегација по основ на здружувањето во задруги и во други облици на здружување на трудот и средствата, образуваат делегација за соборот на здружениот труд за подрачјето на месната заедница или за подрачјето на општината.

Работните луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат уметничка или друга културна, адвокатска или друга професионална дејност, образуваат делегација за соборот на здружениот труд за подрачјето на месната заедница или за подрачјето на општината.

Работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд и работниците вработени кај нив образуваат делегација за соборот на здружениот труд за подрачјето на месната заедница или за подрачјето на општината.

Во општествено-политичките организации функцијата на делегација ја вршат нивните избрани тела определени со нивните статути односно со други одлуки.

2. Работните луѓе и граѓаните и нивните делегации во основните самоуправни организации и заедници и во општествено-политичките организации предлагаат кандидати за делегати во соодветните собори на собранијата на општествено-политичките заедници и учествуваат во утврдувањето на кандидатите, на начин утврден со закон.

Бројот на утврдените кандидати за делегати на листата на кандидатите мора да биде поголем од бројот на делегатите кои се избираат.

Кандидатите за делегати се утврдуваат со тајно гласање.

3. Делегациите на работните луѓе и граѓаните во основните самоуправни организации и заедници што имаат заеднички делегат во соодветниот собор на собранието на општествено-политичката заедница образуваат конференција на делегациите или друг облик на поврзување на делегациите заради изградување на заеднички ставови за работата и одлучувањето на тој делегат во собранието.

Начинот на образување и работа на конференцијата на делегациите и на другите облици на поврзување на делегациите може да се уреди со закон.

4. Делегатите во соборот на здружениот труд и соборот на месните заедници на собранието на општината и во соборот на здружениот труд и соборот на општините на собранието на градската заедница се избираат од работните луѓе и граѓаните во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници, непосредно и со тајно гласање.

5. Општествено-политичките организации во рамките на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ договорно ја утврдуваат листата на кандидати за делегати во општествено-политичките собори на собранијата на општествено-политичките заедници од редот на своите членови, врз основа на кандидациона постапка во која учествуваат членовите во основните организациони облици на дејствување на овие организации.

Работните луѓе и граѓаните се изјаснуваат, врз основа на листата на кандидатите, за изборот на делегатите во општествено-политичкиот собор на собранието на општествено-политичката заедница, непосредно, со општо и тајно гласање.

6. Делегатот кој не е член на делегација има права и должности на член на делегацијата на самоуправната организација или заедница односно на општествено-политичката организација.

7. Делегатите во соборите на собранијата на општествено-политичките заедници се избираат за време од четири години, во согласност со уставот и со закон.

8. Претседателите на собранијата на општествено-политичките заедници се избираат за време од четири години и не може повторно едноподруго да бидат избирани на истата функција.

9. Собранијата на општествено-политичките заедници ги избираат односно ги именуваат носителите на функции во државните органи врз основа на листа на која бројот на утврдените кандидати е поголем од бројот што се избира односно именува, ако за одделни функции со закон односно со статутот на општината односно на градската заедница не е поинаку утврдено.

10. Одлука за издвојување на дел од доходот за заеднички и општи општествени потреби и за намената и обемот на средствата за овие потреби не може да се донесе ако не ја усвои соборот на здружениот труд на собранието на општествено-политичката заедница.

11. Со закон и со одлука на собранието на општината односно на градската заедница заснована врз закон се утврдува начинот на вршење на јавни овластувања што им се доверуваат на одделни организации и заедници и правата на собранијата и на другите органи на општествено-политичките заедници во поглед на давањето насоки на тие организации и заедници и во поглед на вршењето надзор во врска со вршењето на јавните овластувања.

12. Со точка 1 се заменуваат член 148 и точка 1 на Амандман X; со точка 2 се дополнува член 150; со точка 3 се заменува точка 1 на Амандман XII; со точка 4 се заменуваат точка 1) на став 2 на член 152, член 200 и точка 1 на Амандман XI; со точка 5 се заменува член 154; со точка 6 се дополнува Оддел 7 на Глава III од Првиот дел; со точка 7 се заменува став 1 на член 155; со точка 8 се заменува точка 1 на Амандман XIX; со точка 9 се дополнува член 169; со точка 10 се заменува став 5 на член 162; со точка 11 се заменува став 2 на член 168 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XLIII

1. Во Социјалистичка Република Македонија во службена и јавна употреба е македонскиот јазик и неговото писмо кирилица.

2. Припадниците на народностите имаат право слободно да го употребуваат својот јазик и писмо и да ја изразуваат и развиваат својата култура и заради тоа да основаат организации.

3. Припадниците на народностите имаат право на настава на својот јазик во согласност со уставот и со закон.

4. Со точка 1 се заменуваат став 1 на член 173 и став 4 на член 293; со точка 2 се заменуваат ставовите 1 и 3 на член 178; со точка 3 се заменува член 179 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XLIV

1. Припадниците на етничките групи имаат право слободно да го употребуваат својот јазик, да ја изразуваат и развиваат својата култура и заради тоа да основаат организации.

2. Со овој амандман се заменуваат ставовите 1 и 3 на член 222 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XLV

1. Во општината работните луѓе и граѓаните непосредно и во разни облици на соработка и поврзаност со другите општини и со пошироките општествено-политички заедници, создаваат и обезбедуваат услови за својот живот и работа, го насочуваат општествениот развој, ги усогласуваат и остваруваат своите интереси, ги задоволуваат заедничките потреби и ја остваруваат власта и управуваат со другите општествени работи.

Заради создавање и обезбедување на услови за живот и работа на работните луѓе и граѓаните и усогласување на стопанскиот и општествениот развој, во општината се поттикнуваат самоуправното здружување на трудот и слободното движење на средствата на општествената репродукција на единствениот југословенски пазар, слободното движење на научните, стручните и техничките достигања и зголемувањето на општествената репродукција на трудот и се обезбедуваат услови за самостојно вршење дејности со личен труд односно со личен труд и средства во сопственост на граѓаните и нивно здружување и поврзување со организациите на здружениот труд.

2. Во градот на чие подрачје се основани повеќе општини се основа градска заедница како посебна општествено-политичка заедница во која се обезбедува: планирањето на општествено-економскиот развој, просторното и урбанистичкото уредување и задоволувањето на комуналните потреби. Општините можат, во заеднички интерес да ѝ доверат на градската заедница и други права и должности. Републиката може определени работи од својата надлежност да ѝ довери на градската заедница.

Со статутот на градската заедница се утврдуваат правата и должностите на градската заедница.

Општите општествени потреби што се остваруваат во градската заедница се финансираат од даноци, такси и други приходи утврдени со закон.

Општините односно Републиката ѝ обезбедуваат средства на градската заедница за доверените права и должности односно за доверените работи.

3. Со точка 1 се заменува став 2 на член 184 и се дополнува член 185; со точка 2 се заменуваат ставовите 1 и 2 на член 199 и се дополнува овој член од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XLVI

1. Републичките закони, статутите на општините, статутот на градската заедница и сите други прописи и општи акти на органите на општината, градската заедница и Републиката, како и самоуправните општи акти на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници мора да бидат во согласност со Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Другите прописи и општи акти на органите на Републиката мора да бидат во согласност со републичките закони.

Прописите и општите акти на органите на општината и на градската заедница и самоуправните општи акти не можат да бидат во спротивност со републички закон.

Ако органот што одлучува во поединечни работи смета дека пропис, општ акт или самоуправен општ акт не е во согласност со републички закон односно дека е во спротивност со републички закон или со сојузен закон за чие извршување се одговорни органите во Републиката, должен е да поведе постапка пред Уставниот суд на Македонија.

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија има право, до одлуката на уставниот суд, да го запре извршувањето на пропис или друг општ акт на собранието на општината односно на градската заедница, ако не е во согласност со уставот односно ако е во спротивност со закон и е должен во рок од 30 дена да поведе постапка пред уставниот суд.

Собранието на општината односно собранието на градската заедница има право, до одлуката на уставниот суд, да го запре извршувањето на самоуправниот општ акт ако не е во согласност со уставот односно ако е во спротивност со закон.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија има право да укине или поништи пропис на Извршниот совет ако не е во согласност со уставот или со закон.

2. Судиите и граѓаните кои учествуваат во судењето во редовен суд ги избира и разрешува собранието на општествено-политичката заедница определена со закон.

Судиите на редовните судови се избираат и се разрешуваат на начин, под услови и според постапка со кои се обезбедува способност за вршење на судиската функција и независност на судиите во судењето.

3. Јавниот обвинител има право и должност на пониското јавен обвинител да му дава задолжителни упатства за неговата работа и да презема вршење на одделни работи за кои е надлежен пониското јавен обвинител.

Јавните обвинители и нивните заменици ги именува и разрешува собранието на општествено-политичката заедница на начин и според постапка утврдени со закон.

4. Јавното правобранителство е самостоен орган на општествено-политичката заедница што презема мерки и правни средства за заштита на нејзините имотни права и интереси.

Јавните правобранителства се воспоставуваат и нивните надлежности и организација се определуваат со закон.

Јавниот правобранител го именува и разрешува собранието на соодветната општествено-политичка заедница на начин и според постапката пропишана со закон.

5. Со точка 1 се заменуваат членовите 254, 255 и 256, став 1 на член 258, став 1 на член 259 и член 407; со точка 2 се заменуваат ставовите 1 и 2 на член 281; со точка 3 се заменува став 1 на член 287 и се дополнува член 289; со точка 4 се дополнува Глава VII на Првиот дел на Уставот на СРМ.

АМАНДМАН XLVII

1. Социјалистичка Република Македонија ги има и следните права и должности:

1) ја утврдува кредитната политика на Републиката во рамките на заедничките основи на кредитната политика на земјата;

2) ја организира службата за јавна безбедност во Републиката и ја насочува нејзината работа;

3) се грижи и учествува во обезбедувањето на услови за научниот и технолошкиот развој.

2. За уредување на работите од заеднички интерес за работните луѓе и граѓаните, за организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува закони што се однесуваат и на:

1) системот на стоковните резерви;

2) системот на државната управа; општествените совети и републичките општествени совети; општествениот систем на информирање и информациониот систем на Републиката;

3) службите за општествени приходи;

4) сточарството; геолошката и геодетската дејност; метеоролошката и хидролошката дејност;

5) употребата на знамето;

6) системот и организацијата на научноистражувачката дејност;

7) заштитата, чувањето и користењето на недвижностите и другите предмети и вредности од културно и историско значење и на архивската граѓа; системот на јавното информирање;

8) заштитата на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните и нивната социјална сигурност.

3. Општи општествени потреби што се остваруваат во Републиката се и со закон утврдените обврски на Републиката за учество во финансирањето на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на објекти за производство на електрична енергија и на објекти во железничкиот сообраќај.

4. Републичките органи соработуваат со сојузните органи и редовно ги известуваат за извршувањето на сојузните закони, други прописи и општи акти за чие извршување се одговорни органите во Републиката.

5. Републичките органи на управата имаат право и должност да им даваат на органите на управата на општините и на градската заедница задолжителни инструкции за извршување на републичките закони, други прописи и општи акти и на сојузните закони, други прописи и општи акти за чие извршување се одговорни органите во Републиката.

Со закон може да се предвиди во извршувањето на одделни работи од општ интерес за Републиката, републичките органи да имаат право да вршат надзор над работата на органите на општината и на градската заедница, да ги задржуваат од извршување нивните незаконски акти донесени во вонуправна постапка, како и други овластувања заради обезбедување на извршувањето на овие работи.

6. Ако надлежниот орган на општината односно на градската заедница не извршува закон, друг пропис или општ акт или не го обезбедува нивното извршување, надлежниот републички орган на управата ќе го предупреди за тоа соодветниот орган на управата на општината односно на градската заедница и ќе побара во определен рок да преземе соодветни мерки со кои се обезбедува неговото извршување. Републичкиот орган на управата ќе го извести за тоа Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и извршниот совет на собранието на општината односно на градската заедница.

Ако и покрај предупредувањето и преземените мерки не се обезбеди извршување на законот, другиот пропис или општиот акт, Извршниот совет ќе го обезбеди неговото извршување и за тоа истовремено ќе го извести Собранието на СРМ. Извршниот совет може на собранието на општината односно на градската заедница или на неговиот извршен совет да му предложи поведување на постапка за одговорност на надлежниот орган на општината односно на градската заедница или на функционерот кој раководи со тој орган.

7. Органите на Републиката можат, во остварувањето на непосредната соработка и договарање, во рамките на своите права и должности утврдени со овој устав, со договори со органите на другите републики и на автономните покраини да утврдуваат заеднички основи за уредување на односите во одделни области, да образуваат заеднички тела, да преземаат и други обврски од значење за остварувањето на заедничките интереси и да поттикнуваат размена на искуства и други облици на соработка. Договорот го обврзува органот на Републиката што го склучил и тој е одговорен за спроведувањето на преземените обврски.

8. Социјалистичка Република Македонија соработува со другите републики и со автономните покраини во остварувањето на меѓународната соработка, а со сојузните органи го усогласува остварувањето на својата меѓународна соработка.

9. Со точка 1, потточка 1) се дополнува член 299; со потточка 2) се заменува точка 12), а со потточка 3) се заменува точка 20) на овој член; со точка 2, потточка 1) се заменуваат зборовите „републичките стоковни резерви заради обезбедување потребите на Републиката во случај на војна и други вонредни прилики или заради обезбедување стабилност на пазарот во случај на поголеми нарушувања на пазарот“ во точка 1) на став 1 на член 301; со потточка 2) се дополнува став 1 на член 301; со потточка 3) се дополнува точка 2) на став 1 на член 301 и во оваа точка се бришат зборовите: „кредитниот и банкарскиот систем“; со потточка 4) се дополнува точка 3) и се заменува зборот „рударство“ во оваа точка на став 1 на член 301; со потточка 5) се заменуваат зборовите „употребата на знамињата“ во точка 5) на член 301; со потточка 6) се заменуваат зборовите „системот и организацијата на научноистражувачката работа“ во став 1 на точка 14) на член 301; со потточка 7) се дополнува точка 15) на член 301 и во неа се заменуваат зборовите „заштитата на спомениците на културата“, зборот „архивската“ и зборовите „печатот, радиодифузијата и другите средства за јавно информирање“; со потточка 8) се дополнува точка 16) на став 1 на член 301; со точка 3 се дополнува алинеја 9 на став 1 на член 304; со точка 4 се дополнува член 308; со точка 5 се заменува став 3 на член 310; со точка 6 се дополнува член 311; со точка 7 се заменува став 4 на член 315; со точка 8 се дополнува член 316 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XLVIII

1. Собранието врши политичка контрола над работата на Народната банка на Македонија.

Собранието може да укине или да поништи пропис и друг општ акт на Народната банка на Македонија што не е во согласност со овој устав, со закон, друг пропис или општ акт што тоа го донело.

2. Делегатите во Соборот на здружениот труд се избираат од работните луѓе во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници кои се поврзани првенствено со трудот и со односите во општествената репродукција, непосредно и со тајно гласање.

Соборот на општините го сочинуваат по двајца делегати од секоја општина и од градската заедница.

Делегатите во Соборот на општините се избираат од работните луѓе и граѓаните непосредно, со општо и тајно гласање.

Работните луѓе и граѓаните се изјаснуваат, врз основа на листата на кандидатите, за изборот на делегатите во Општествено-политичкиот собор, непосредно, со општо и тајно гласање.

3. Претседателот и потпретседателите на Собранието и претседателите на соборите на Собранието се избираат за време од четири години и не може повторно еднoподруго да бидат избирани на истата функција.

4. Органот на Сојузот на синдикатите на Македонија определен со неговиот статут има право да му предлага на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесување на закони и на други општи акти со кои се уредуваат правата на работниците во здружениот труд.

5. Одредбите на член 350 од овој устав се применуваат и во случаите кога законот односно општиот акт се донесува со рамноправно учество на соборот на Собранието и на собрание на самоуправна интересна заедница.

6. Во делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија повеќе од половината делегати се од здружениот труд.

7. Со став 1 на точка 1 се дополнува став 1 на член 318, а со став 2 се дополнува алинеја 2 на точка 1 на Амандман XVI; со точка 2 се заменуваат став 1 на точка 1 и точка 2 на Амандман XIII, членовите 323 и 324 и ставовите 3 и 4 на член 325; со точка 3 се заменува точка 1 на Амандман XX; со точка 4 се дополнува Оддел 4, Глава X на Вториот дел; со точка 5 се заменува член 351; со точка 6 се дополнува член 369 од Уставот на СРМ.

## АМАНДМАН XLIX

1. Собранието на Социјалистичка Република Македонија избира член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија по предлог од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија. Предлогот се поднесува по спроведувањето на претходна постапка за изјаснување за кандидатите за членови на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија.

2. Членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за својата работа во Претседателството е одговорен пред Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Собранието може, по сопствена иницијатива, по предлог од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија или по предлог од Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а по спроведената претходна расправа во Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, да го разреши членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија пред истекот на времето за кое е избран.

3. Со овој амандман се заменува став 3 на член 371 и се дополнува овој член; зборот „отповикува“ се заменува со зборот „разрешува“ во точка 20) на став 1 на член 318 и во алинеја 3 на член 338; зборот „отповикување“ се заменува со зборот „разрешување“ во став 4 на член 371 од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН L

1. Претседателството на Социјалистичка Република Македонија го сочинуваат претседател и шест членови.

Претседателот и членовите на Претседателството ги избира Собранието по предлог од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, по постапка утврдена со закон.

Претседателот на Претседателството се избира за време од четири години и не може повторно да биде избиран на истата функција.

2. Со овој амандман се заменуваат став 1 на член 380, точка 1 на Амандман IV и точка 1 на Амандман XXI на Уставот на СРМ.

АМАНДМАН LI

Престануваат да важат одредбата на алинеја 5 на став 1 на член 376 која гласи: „поднесува предлог за избор на членови на Советот на Републиката" и Глава XII на Вториот дел — Совет на Републиката со членовите 388 до 391 од Уставот на СРМ.

АМАНДМАН LII

1. За предлагањето на кандидати за избор на претседател и членови на Извршниот совет и за именувањето на функционери што раководат со републичките органи на управата и со републичките организации од составот на Советот се спроведува претходна постапка во Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија.

2. Претседателот на Извршниот совет има право да покренува иницијатива пред Собранието за разрешување од должност на одделни членови на Извршниот совет и за избор на нови членови на Советот.

3. Функционерите што раководат со републичките органи на управата и со републичките организации и другите функционери што ги именува Собранието можат да бидат именувани најмногу двапати едноподруго на истата функција.

4. Со точките 1 и 2 се дополнува Оддел 2 на Глава XIII на Вториот дел од Уставот на СРМ; со точка 3 се заменува став 2 на точка 1 на Амандман VI на Уставот на СРМ.

АМАНДМАН LIII

1. Уставниот суд на Македонија:

1) одлучува за согласноста на републичките закони со Уставот на Социјалистичка Република Македонија;

2) одлучува за согласноста на прописите и другите општи акти на општината, на градската заедница и на Републиката и на самоуправните општи акти со Уставот на Социјалистичка Република Македонија;

3) одлучува за согласноста на прописите и на другите акти на органите на Републиката со републичките закони односно со сојузните закони за чие извршување се одговорни органите во Републиката;

4) одлучува дали прописите и другите општи акти на органите на општината и градската заедница и самоуправните општи акти се во спротивност со републички закон односно со сојузен закон за чие извршување се одговорни органите во Републиката;

5) одлучува дали договорите на општините, градската заедница и Републиката се во согласност со Уставот на Социјалистичка Република Македонија односно дали се во спротивност со републички закон или со сојузен закон за чие извршување се одговорни органите во Републиката;

6) решава по споровите за правата и должностите меѓу Републиката и општините, меѓу две или повеќе општини, како и меѓу нив и организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, ако за решавањето на овие спорови не е определена надлежност на друг суд;

7) решава по споровите за надлежност меѓу републичките и општинските органи, меѓу судовите и републичките органи и меѓу судовите и општинските органи;

8) врши и други работи што му се ставени во надлежност со овој устав.

2. Ако Уставниот суд на Македонија утврди дека пропис, освен закон, или друг општ акт на орган на Републиката не е во согласност со Уставот на СРМ, со републички закон или со сојузен закон за чие извршување се одговорни органите во Републиката или дека пропис или општ акт на орган на општината или на градската заедница или самоуправен општ акт не е во согласност со Уставот на Социјалистичка Република Македонија односно дека е во спротивност со републички закон или со сојузен закон за чие извршување се одговорни органите во Републиката ќе го поништи или укине тој пропис или општ акт односно оние негови одредби што не се во согласност со Уставот на Социјалистичка Република Македонија, со републички закон или со сојузен закон за чие извршување се одговорни органите во Републиката односно што се во спротивност со овие закони.

3. Постапка пред Уставниот суд на Македонија може да поведе органот на Сојузот на синдикатите на Македонија определен со неговиот статут.

4. Уставниот суд на Македонија има седум судии што ги избира Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Претседателот на Уставниот суд на Македонија го избира Собранието на Социјалистичка Република Македонија од редот на судиите за време од четири години и не може повторно едноподруго да биде избиран на истата функција.

5. Со точка 1 се заменува став 1 на член 419; со точка 2 се заменува член 427; со точка 3 се дополнува член 429; со точка 4 се заменуваат ставовите 1 и 3 на точка 1 од Амандман VII на Уставот на СРМ.

АМАНДМАН LIV

Во член 12; во став 2 на член 14; во став 1 на член 46; во став 1 на член 116; во став 1 на член 125 и во став 1 на член 136 од Уставот на СРМ, зборовите: „основна и друга", во различен член и број, се бришат.

Во став 1 на член 16; во став 2 на член 19; во член 22; во ставовите 1 и 2 на член 23; во член 110; во став 4 на член 184 и во член 186 од Уставот на СРМ зборот: „основна", во различен член и број, се брише.

Во став 2 на член 126 зборовите: „работната и на сложената" и зборот: „основната" се бришат; во став 1 на член 277 зборовите: „за организирање и издвојување на основни организации на здружениот труд" се бришат.

АМАНДМАН LV

За спроведување на Амандманите XXIV до LIV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија ќе се донесе уставен закон.

Уставниот закон го донесува и го прогласува Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори и влегува во сила со денот на прогласувањето на Амандманите XXIV до LIV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

**208.**

Врз основа на Амандманот LV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 14 април 1989 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ XXIV ДО LIV НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Уставниот закон за спроведување на Амандманите XXIV до LIV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го усвои на заедничката седница на сите собори, одржана на 14 април 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1508/1
14 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# УСТАВЕН ЗАКОН
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ XXIV ДО LIV НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Амандманите XXIV до LIV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија (во натамошниот текст: Амандманите) се применуваат од денот кога ќе ги прогласи Собранието на Социјалистичка Република Македонија, ако за примената на одделни нивни одредби не е поинаку определено со овој закон.

Член 2

Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници се должни своите самоуправни општи акти да ги усогласат со Амандманите до 31 декември 1991 година.

Член 3

Одредбите на Амандманите XLII и XLVIII што се однесуваат на образувањето делегации и изборот на членови на делегациите и на делегатите за соборите на собранијата на општествено-политичките заедници се применуваат од изборите во 1990 година.

Член 4

Одредбите на Амандман XLVIII што се однесуваат на траењето на мандатот на претседателот и потпретседателите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на претседателите на соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се применуваат од денот на конституирањето на новоизбраното Собрание на Социјалистичка Република Македонија на изборите во 1990 година.

Член 5

Одредбата на Амандман XLIX што се однесува на предлагањето, изборот и разрешувањето на член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Македонија се применува од 15 мај 1989 година.

Член 6

Одредбите на Амандман L што се однесуваат на составот на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија и на изборот и траењето на мандатот на претседателот на Претседателството се применуваат од денот на изборот на новиот состав на Претседателството во 1990 година.

Член 7

Одредбата на Амандман LI што се однесува на престанувањето на важењето на одредбите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија за Советот на Републиката се применува од 28 јануари 1991 година.

По прогласувањето на Амандманите нема да се врши избор на нови членови на Советот на Републиката.

Законот за Советот на Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 47/74) престанува да важи на 28 јануари 1991 година.

Член 8

Одредбите на Амандман LII се применуваат од изборот на новиот состав на Извршниот совет на Собранието на СРМ во 1990 година.

Член 9

Одредбата на Амандман LIII што се однесува на бројот на судиите на Уставниот суд на Македонија се применува од 31 декември 1991 година.

Одредбата на Амандман LIII што се однесува на траењето на мандатот на претседателот на Уставниот суд на Македонија се применува од 25 октомври 1989 година.

Член 10

Со денот на прогласувањето на Амандманите престануваат да важат одредбите од Законот за употреба на знамињата („Службен весник на СРМ" број 40/73) што се однесуваат на знамињата на народностите и етничките групи.

Член 11

До 30 септември 1989 година ќе се усогласат со Амандманите следните републички закони:

1) Законот за работните односи („Службен весник на СРМ" бр. 45/77; 3/83; 3/85; 42/85; 46/86 и 43/87);

2) Законот за упис во судскиот регистар на задругите, самоуправните интересни заедници и другите субјекти определени со закон („Службен весник на СРМ" бр. 27/78);

3) Законот за промет на стоки и услуги во прометот на стоки („Службен весник на СРМ" бр. 44/77; 6/79; 30/87 и 28/88);

4) Законот за енергетика („Службен весник на СРМ" бр. 41/87);

5) Законот за железниците („Службен весник на СРМ" бр. 46/78 и 13/86);

6) Законот за системите за врски, за радиосообраќајот и за ПТТ сообраќајот („Службен весник на СРМ" бр. 14/79);

7) Законот за вршење на стопански дејности со самостоен личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 30/87);

8) Законот за станбените задруги („Службен весник на СРМ" бр. 46/82);

9) Законот за договорните организации на здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 25/79; 42/85 и 28/88);

10) Законот за системот на општественото планирање и за општествениот план на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 10/79; 42/80 и 29/83);

11) Законот за Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 44/85);

12) Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 36/77 и 51/88);

13) Законот за деловни згради и деловни простории („Службен весник на СРМ" бр. 36/75 и 40/87);

14) Законот за сопственост на делови од згради („Службен весник на СРМ" бр. 20/74 и 14/75);

15) Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на СРМ" бр. 36/75; 10/79, 7/86 и 51/88);

16) Законот за максимумот на обработлива земја што се остава на семејни задруги и земјоделски домаќинства на подрачјето на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 16/65);

17) Законот за употреба на знамињата („Службен весник на СРМ" бр. 40/73).

Член 12

До 30 ноември 1989 година ќе се усогласат со Амандманите следните републички закони:

1) Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 41/81 и 3/86);

2) Законот за определување бројот на делегатите што се делегираат од одделните области на здружениот труд и делегатските единици за избор на делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/86);

3) Законот за избор на делегацијата на Собранието на СР Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ („Службен весник на СРМ“ бр. 8/74);

4) Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 42/77; 3/87 и 48/88);

5) Законот за начелата на постапката за образување на месни заедници и за основите на изборниот систем во месните заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 30/77 и 43/81).

Член 13

Другите републички закони што не се во согласност со Амандманите ќе се усогласат со Амандманите до 31 март 1990 година.

Член 14

Републичките прописи донесени за извршување на републичките закони што според одредбите на овој закон мораат да се усогласат со Амандманите, ќе се усогласат со нив во рок од три месеци од денот на усогласувањето на тие закони.

Член 15

Статутите на општините и Статутот на Град Скопје ќе се усогласат со Амандманите до 31 декември 1989 година.

Прописите на општините и на Град Скопје донесени врз основа на уставот ќе се усогласат со Амандманите до 30 јуни 1990 година.

Прописите на општините и на Град Скопје донесени врз основа на законите, што мора да се усогласат со Амандманите според одредбите на овој закон, ќе се усогласат во рок од три месеци од денот на усогласувањето на тие закони, ако со законите не е поинаку определено.

Член 16

Овој закон влегува во сила кога истовремено со прогласувањето на Амандманите, ќе го прогласи Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

**209.**

Врз основа на член 84, став 2 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр 43/81) и член 1 точка 3 од Законот за насочување на дел од приходите од данокот на промет за потребите на стопанството („Службен весник на СРМ“ бр 10/88 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА РАФИНЕРИЈА НА НАФТА „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА НАФТА И ГАС ВО СРМ ВО ДРУГИТЕ СР И САП ВО ЗЕМЈАТА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

На работната организација Рафинерија на нафта „Скопје“ — Скопје од посебна републичка сметка за истражување на нафта и гас и за гасификација ѝ се доделуваат неповратни средства во износ од 3. 264 мил. динари за финансирање на Програмата за истражување на нафта и гас во СРМ и во другите СР и САП во земјата во 1989 година.

Средствата од став 1 на оваа одлука на корисникот ќе му бидат ставени на располагање во 12 еднакви месечни работи.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе се валоризираат согласно промената на рафинериската цена на нафтените дервати.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-801/1
13 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**210.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 22 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 35 точка 3, 10 и 11, член 36 и член 37 од Правилникот за станбени односи и доделување средства за станбена изградба и купување на стан, донесен од работниците во Основната организација на здружениот труд „Сместување и општествена исхрана“ во Скопје, во состав на Градежната работна организација „Пелагонија“ во Скопје со референдум на 15 јуни 1979 година, во времето на нивното важење, не биле во согласност со Уставот и со законот.

2. Оваа одлука има правно дејство на одлука со која се укинува општ акт.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената основна организација на здружениот труд на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. Основниот суд на здружениот труд во Скопје на 22 февруари 1988 година пред Уставниот суд на Македонија поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од правилникот означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што не биле во согласност со уставното начело на заемност и солидарност и со Законот за станбените односи и што биле во спротивност со Законот за здружениот труд.

5. На седницата Судот утврди дека оспорениот правилник престанал да важи на 11 септември 1987 година, но со оглед на тоа што од престанувањето на неговото важење до поведувањето на постапката не поминало повеќе од една година, Судот утврди дека, согласно член 419 став 2 од Уставот се исполнети процесните претпоставки за одлучување за уставноста и законитоста на оспорениот правилник.

6. На седницата Судот утврди дека во член 35 точка 3 од Правилникот, како еден од основите за утврдување редот на првенство за добивање стан на користење и средства за станбена изградба, е предвиден правниот основ за користење на дотогашниот стан, за кој се утврдени најмногу до 5 бодови. Во член 35 точка 10 е утврден основот поседување специјални знаења што се потребни за основната организација и потесна специјализација со знаења што не се совладани од другите работници со исто занимање и ист степен на образование, за што се утврдени 15 бода, а во член 35 точка 11 како основ е предвидена стручната подготовка на работникот, за што е предвидено од 5 до 20 бода, зависно од степенот на стручната подготовка. Во член 36 е предвидено дека комисијата за распределба на станови може да доделува уште 10 бода на вработените

кои посебно се истакнуваат во работата, а врз основа на резултатите што се остваруваат во работата, редовноста, односот кон средствата за работа и други елементи што ги утврдува комисијата. Понатаму, во член 37 од Правилникот е предвидено дека основната организација може 15% од вкупниот број станови да ги издвои за кадрите кои се посебно значајни за организацијата, како и за работниците кои со своите стручни знаења и залагања посебно се истакнуваат и даваат значителен придонес, независно од критериумите предвидени во Правилникот.

7. Според Оддел II став 3 алинеја 6 од Основните начела на Уставот на СР Македонија неприкосновената основа на положбата и улогата на човекот, покрај другото, ја сочинува и солидарноста и заемноста на секој спрема сите и на сите спрема секого. Со член 92 став 2 од Законот за здружениот труд е предвидено дека работниците, при распределбата, на средствата за лични доходи покрај начелото на распределба според трудот, го применуваат и начелото на солидарност, првенствено во користењето на средствата за заедничка потрошувачка. Согласно член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбени односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ" бр. 48/88) работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат основите и мерилата за определување редот на првенство за давање станови на користење.

8. Тргнувајќи од наведените уставни и законски одредби Судот смета дека при утврдувањето на основите и мерилата за распределбата на станови и станбени кредити не може да се доведе во прашање доминантното влијание на основите кои ја изразуваат социјално-економската положба на работникот како начин на остварување на уставното начело на заемност и солидарност во оваа област.

Со оглед на тоа што со член 35 точка 3 од оспорениот правилник основот станбена состојба е вреднуван со најмал број бодови, а со член 35 точка 11 основот стручна подготовка е вреднуван со најголем број бодови во однос на другите предвидени основи, Судот утврди дека овие одредби од Правилникот не се во согласност со уставното начело на заемност и солидарност и се во спротивност со наведените одредби од Законот за здружениот труд.

9. Судот, исто така, утврди дека од оспорениот член 36 од Правилникот произлегува дека Комисијата за распределба на станови, има овластување, независно од основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи утврдени во соодветниот самоуправен општ акт, да го утврдува придонесот на работниците во работата и врз основа на таквата своја оцена да го вреднува тој придонес во секој конкретен случај со предвидениот број на бодови. Судот смета дека оваа одредба од Правилникот не обезбедува овој придонес да се утврдува според објективизирани основи и мерила, поради што утврди дека таа не е во согласност со член 23 од Уставот на СР Македонија и е во спротивност со член 93 од Законот за здружениот труд.

10. Тргнувајќи од самоуправното право на работниците да ги утврдат основите и мерилата за распределба на станови Судот смета дека во тие рамки работниците можат да ја предвидат дефицитарноста на кадрите како посебен основ за распределба на станови и станбени кредити, но притоа, според мислењето на Судот, тие се должни во самоуправниот општ акт да утврдат кои стручни кадри се сметаат за дефицитарни, обемот на средствата што се издвојуваат за таа намена, како и објективизирани основи и мерила според кои ќе се врши распределбата на станови и средства за станбени кредити за таа намена.

Со оглед на тоа што со член 35 точка 10 и член 37 од Правилникот поблиску не се утврдува кои работници се сметаат за дефицитарни стручни кадри и не се утврдуваат основи и мерила според кои ќе се врши распределба на станови и средства за станбена изградба за таа намена, Судот утврди дека овие одредби не се во согласност со уставното начело на заемност и солидарност и со член 42 и 43 став 1 од Законот за станбени односи.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 63/87-II
22 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

**211.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 2 алинеја 2 и член 20 став 1 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 22 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Нормативот за службена облека и лична заштитна опрема, донесен од Работничкиот совет на Основната организација на здружен труд „Превоз" во Скопје, во состав на Работната организација „Градски сообраќај" во Скопје, на 24 декември 1985 година, во деловите што се однесуваат на службената облека.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената основна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 182/88 од 6 јануари 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето дали е во согласност со член 31 од Законот за патниот сообраќај.

4. На седницата Судот утврди дека со означениот норматив, покрај прашањата поврзани со заштитна облека и опрема на работниците во основната организација, се уредуваат и прашања поврзани со службената облека.

5. Со член 31 од Законот за патниот сообраќај („Службен весник на СРМ" бр. 35/86) е утврдено дека членовите на посадата на возилата за јавен превоз на патници за време на службата задолжително носат службена облека и дека неа ја обезбедува превозникот на свој трошок. Според член 41 од Законот одредбите што се однесуваат на службената облека се применуваат и на организациите на здружениот труд што вршат јавен превоз во градскиот и приградскиот превоз, а според член 144 став 1 точка 4 од Законот поблиски прописи за службената облека на членовите на посадата на моторните возила, донесува Републичкиот комитет за сообраќај и врски.

Од наведените одредби на законот произлегува дека обврската за носење службена облека на членовите на посадата на моторните возила со кои се врши јавен превоз на патници во патниот сообраќај се утврдува со закон, а со прописот на надлежниот републички орган на управата поблиску се уредуваат сите прашања поврзани со носењето службена облека, вклучувајќи го и прашањето за конкретното определување кои лица се сметаат за членови на посадата на моторните возила. Според тоа, Законот и поблискиот пропис се применуваат непосредно, поради што овие прашања не можат да бидат предмет на самоуправно уредување.

Со оглед на тоа што со оспорениот норматив, покрај другото, се уредуваат и прашања за службената облека на работниците, Судот оцени дека тој, во деловите што се однесуваат на службената облека, не е во согласност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 182/88
22 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**212.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 29 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) член 16 став 2 и 3 од Правилникот за работите и работните задачи, донесен од Собирот на работниците во Радио-Гевгелија во Гевгелија на 24 декември 1982 година;

б) Прегледот на типичните работи и работни задачи, составен дел на Методологијата за вреднување на работите и работните задачи, донесена од работниците во означената организација, со референдум одржан на 3 јули 1987 година, во делот за вреднување на новинарите и

в) член 78 од Правилникот за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход, распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка и други лични примања, донесен од работниците во означената организација, со референдум одржан на 3 јули 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 71/88 од 25 јануари 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од актите означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност односно спротивност со уставните и законските одредби.

4. а) На седницата Судот утврди дека во член 16 од Правилникот означен во точката 1 под а) од оваа одлука е даден описот и пописот на работите и работните задачи новинар и дека во став 2 од овој член е предвидено дека новинарските работи и работни задачи ги вршат постојните лица со средно образование, а во ставот 3 од овој член е предвидено дека при приемот на нови работници овие работни задачи можат да ги вршат лица со високо или више образование.

Од одредбите на член 16 став 2 и 3 од Правилникот, според мислењето на Судот произлегува дека всушност се воспоставуваат три степени на стручна подготовка за вршење на новинарските работи и работни задачи.

Според член 133 став 3 од Законот за здружениот труд и член 6 од Законот за работните односи работниците во основната организација во самоуправниот општ акт со кој се уредува работниот однос ги утврдуваат посебните услови кои работникот треба да ги исполнува за засновање на работниот однос, а во член 9 од Законот за работните односи е предвидено дека работниците со самоуправен општ акт можат да утврдат најмногу два степена на стручна подготовка како посебен услов што работникот треба да го исполнува за вршење определени работи, односно работни задачи.

Со оглед на тоа што во член 16 став 2 и 3 од Правилникот означен во точката 1 под а) од оваа одлука се утврдени три степени на стручна подготовка како услов за вршење на работите и работните задачи новинар, Судот утврди дека тие се во спротивност односно не се во согласност со означените законски одредби.

б) Понатаму, Судот утврди дека во прегледот означен во точката 1 под б) од оваа одлука работите и работните задачи на новинарите се вреднувани различно, иако според Правилникот за работите и работните задачи е утврден ист опис и попис за овие работи и работни задачи.

Тргнувајќи од уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија, а разработено во член 92 од Законот за здружениот труд, Судот смета дека при утврдување на основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, исти работи и работни задачи не може различно да се вреднуваат во делот што се однесува на претпоставениот придонес.

Со оглед на тоа што во прегледот означен во точката 1 под б) од оваа одлука различно се вреднувани работите и работните задачи новинар, иако е предвиден ист опис и попис на работните задачи, Судот утврди дека тој не е во согласност, односно е во спротивност со означената уставна односно законска одредба.

в) Судот, понатаму утврди дека во член 78 од Правилникот означен во точката 1 под в) од оваа одлука е предвидено дека овој правилник влегува во сила на 3 јули 1987 година.

Според мислењето на Судот од оваа одредба произлегува дека означениот правилник, со оглед на тоа што е донесен на 3 јули 1987 година, а не содржи одредба за начинот на објавување, влегува во сила со донесувањето.

Според член 260 став 2 од Уставот на СР Македонија самоуправните општи акти не можат да се применуваат пред да се објават, а според член 551 став 1 и 2 од Законот за здружениот труд самоуправните општи акти пред да влезат во сила се објавуваат на начин предвиден со самоуправниот општ акт.

Со оглед на тоа што во член 78 од Правилникот означен во точката 1 под в) од оваа одлука е предвидено правилникот да влезе во сила со донесувањето, Судот утврди дека тој не е во согласност односно е во спротивност со означената уставна и законска одредба.

При одлучувањето Судот ги имаше предвид наводите на доносителот на оспорениот акт изнесени по повод на решението за поведување постапка, но утврди дека тие не се од влијание за поинакво одлучување по овој предмет.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 71/88
29 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

## СОДРЖИНА


207. Амандмани на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — — — — 277
208. Уставен закон за спроведување на Амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — — — 289
209. Одлука за доделување на средства на Работната организација Рафинерија на нафта „Скопје" — Скопје, за финансирање на програмата за истражување на нафта и гас во СРМ во другите СР и САП во земјата во 1989 година — — — — — — — 290
210. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 63/87-II од 22 март 1989 година — 290
211. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 182/88 од 22 март 1989 година — 291
212. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 71/88 од 29 март 1989 година — 292


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**